**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА СУМНАЛ**

ул. „Максут Садик" ББ, 1000 Скопје, Република Македонија
телефон/факс: 2 611 219
e – mail: sumnal@sumnal.org www.sumnal.org

# АНАЛИЗА НА ОБРАБОТЕНИ ПОДАТОЦИ ОД АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ РОМИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ГРАД СКОПЈЕ

# Проект: **Активно вклучување на учениците Роми во вонnаставните активности на Средните Училишта на Град Скопје**

Проектот за активно вклучување на Ромите средношколци во вонnаставните активности, претставува дополнителна активност на НВО Сумнал за успешно спроведување на програмата за задолжително средно образование кај оваа популација. Рамката на проектот кореспондира со Програмата за образование на Град Скопје и реализацијата на истиот во суштина ќе придонесе за воспоставување на нови содржини и форми на работа во областа на вонnаставните активности преку соработка со експертски, невладини организации и средните училишта на Град Скопје.

Законот за задолжително средно образование, претставува основна рамка за спроведување на проект од ваков вид. Вонnаставните активности претставуваат надградба на успешен средношколски образовен систем, што од друга страна претставува програмска заложба на Град Скопје, предвидена со програмата за работа за 2011 година.

Вклучувањето на средношколците Роми во проекти од ваков вид претставува не само надоплнување на образовната компонента, туку има и пошироко социјално и општествено значење. Се работи за етничка група која е минорно застапена во средношколскиот систем и сега со законот за задолжително средно образование, за првпат е опфатена со ваков вид образование. Освен тоа социјалната состојба, како и традиционалните сфаќања на образовната надградба создаваат проблеми во дополнителните активности кај учениците од ромската националност.

Проектот започна со евалуација на актуелната состојба за вкупниот број вонnаставни активности, формата и видот на вакви активности кои се реализираат во средните училишта во надлежност на Град Скопје. Покрај истражувањето на вонnаставните активности се анализираше и вклученоста на Ромите средношколци вклучени во образовниот процес. Врз основа на евалуираните резултати од анкетата, стручен тим од експерти ја утврди содржинска рамка за реализација на едукативните работилници за значењето и вклучувањето на Ромите средношколци во вонnаставните активности.

Темите како што се; совладување на техники за надминување на агресивноста, толеранцијата, борбата против стереотипите, предрасудите, разрешувањето на конфликтите, поттикнувањето на креативноста, беа обработени на работилниците кои се одржаа во едукативниот центар на Здружение за развој на ромската заедница Сумнал и ги опфати учениците Роми од средните училишта.

## Цел на проектот

- Вклучување на Ромите средношколци во вонnаставните проекти во средните училишта и поврзување на учениците од различно социо-културно и етничко потекло, преку заедничка работа на различни теми; и
- Намалување на стереотипите, предрасудите, разрешување на конфликти кон луѓе и заедници од различни култури.

Врз основа на анализа на анкетните прашалници, кои беа дистрибуирани до средните училишта во град Скопје, а пополнети од учениците, се дојде до следните резултати:

Вкупен број на ученици Роми во средните училишта на Град Скопје е 776.
Од нив машки се 332, женски 263.
Од средното училиште Арсени Јовков даден е податок за вкупен број на ученици Роми 181, но не е доставен податокот колку од нив се машки, а колку женски.

**Средното училиште Здравко Цветковски не покажа интерес за соработка (премногу обврски од нивна страна).**

Од вкупниот број на обработени анкетни прашалници (595),
во I година има 141 ученик Ром (машки), 78 ученички Ромки (женски)
во II година има 79 ученици Роми (машки), 82 ученички Ромки (женски)
во III година има 76 ученици Роми (машки), 77 ученички Ромки (женски)
во IV година има 36 ученици Роми (машки), 26 ученички Ромки (женски)




## <u>Резултати од истражувањето</u>

### Учество на ученикот во воннаставните активности во училиштето/проектните активности

Набљудувајќи ја присутноста на организирани воннставни активности во училиштата, поголем број на ученици одговориле дека во нивните училишта се организираат воннаставни активности и тоа 66,7%. Во однос на учебната година за која се организираат активностите постојат разлики, и тоа најповеќе се организираат за ученици во трета година 21,8%, а најмалку за ученици во четврта година на школување 6,9%.

Табела 1. **Присуство на организирани воннаставни/порективни активности во однос на годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 109 | 18,30% | 117 | 19,70% | 130 | 21,80% | 41 | 6,90% | **397** | **66,7%** |
| **НЕ** | 110 | 18,50% | 44 | 7,40% | 23 | 3,90% | 21 | 3,50% | **198** | **33,3%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |













Вкупно...



## 1. Вклучен/а во активностите за култура на заштита, мир и толеранција

Набљудувајќи ја вклученоста на учениците во активностите од областа на култура на заштита, мир и толеранција, се забележува присутност на мала вклученост на учениците и тоа 22,30% во овој вид на активности. Постојат разлики во однос на вклученоста на учениците во однос на годините на школување, најголема вклученост е на учениците од втора година и тоа 9,7% а најмала во четврта година школување на 1,8% од учениците.

Табела 2 **Вклучен/а во активности од областа на култура за заштита, мир и толеранција – според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 28 | 4,70% | 58 | 9,70% | 36 | 6,10% | 11 | 1,80% | **133** | **22,30%** |
| **НЕ** | 191 | 32,10% | 103 | 17,30% | 117 | 19,70% | 51 | 8,60% | **462** | **77,70%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,00%** | **153** | **25,80%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




## 2. Активности од урбаната култура

Организирање на проектните активности од областа на урбаната култура во повеќето училишта е присутно, и тоа 63,20% од учениците потврдиле дека во нивното училиште се организираат проектните активности од урбаната култура. Иако голема е присутноста на овој вид на проектни активности, мал е бројот на ученици вклучени во овие активности и тоа 6,2% од учениците. Подеднакво е учеството на ученици од втора и четврта година на школување по 2,20%, додека од останатите две години на школување учеството на учениците во проектните активности од областа на урбаната култура е незабележително.

Табела 3 **Вклучен/а во активности од областа урбана култура – според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 13 | 2,20% | 5 | 0,80% | 13 | 2,20% | 6 | 1% | **37** | **6,20%** |
| **НЕ** | 206 | 34,60% | 156 | 26,20% | 140 | 23,50% | 56 | 9,50% | **558** | **93,80%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,00%** | **153** | **25,70%** | **62** | **11%** | **595** | **100,00%** |




## 3. Активности од областа на култура на здраво живеење

Активностите од областа на култура на здраво живеење се организираа во училиштата во кои е извршено истражувањето и тоа го потврдија 63,20% од испитаниците. Најголем број на активности се организираат за учениците од прва година 21,50% а најмалку за четврта година од школување 5,6%.

Табела 4. **Активности од областа на култура на здраво живеење – според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 128 | 21,50% | 104 | 17,50% | 111 | 18,60% | 33 | 5,60% | **376** | **63,20%** |
| **НЕ** | 91 | 15,30% | 57 | 9,60% | 42 | 7% | 29 | 4,90% | **219** | **36,80%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,60%** | **62** | **10,50%** | **595** | **100,00%** |




Набљудувајќи ја вклученоста на учениците во овие активности се забележува мала вклученост на учениците и тоа од 18,10%. Најголема е вклученоста на ученици од трета година на школување 8,60% а најмала од четврта година 1,50%.

## 4. Организирање на активности од областа на култура за заштита, мир и толеранција

На прашањето дали во училиштето се организираат активности од областа на култура за заштита, мир и толеранција поголем дел од анкетираните ученици одговориле позитивно - 65,9%. Активностите од областа на култура за заштита, мир и толеранција се организраат најмногу за учениците од втора година на школување 22,9%, а најмалку за учениците од четврта година 5,2%.

Табела 5. **Активности од областа на култура за заштита, мир и толеранција – според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 120 | 20,2% | 136 | 22,9% | 105 | 17,6% | 31 | 5,2% | **392** | **65,9%** |
| **НЕ** | **99** | **16,6%** | **25** | **4,2%** | **48** | **8,1%** | **31** | **5,2%** | **203** | **34,1%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,8%** | **161** | **27,1%** | **153** | **25,7%** | **62** | **10,4%** | **595** | **100%** |



Табела 6 **Вклучен/а во активности од областа на култура за заштита, мир и толеранција – (според годината на школување)**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 28 | 4,70% | 58 | 9,70% | 36 | 6,10% | 11 | 1,80% | **133** | **22,30%** |
| **НЕ** | 191 | 32,10% | 103 | 17,30% | 117 | 19,70% | 51 | 8,60% | **462** | **77,70%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,00%** | **153** | **25,80%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




На прашањето дали учениците се вклучени во активности од областа на култура за заштита, мир и толеранција само 22,30% од учениците одговориле потврдно т.е. дека се вклучени. Најголема вклученост во активности од областа култура за заштита, мир и толеранција има кај учениците од втора година на школување и тоа 9,70%, а најмалку кај оние од четврта година. Што се однесува до полот на вклучените ученици во овој вид на активности поголема вклученост е на ученици од машки пол.

## 5. Организирање на активности од урбана култура

Табела 7 **Организирање на активности од урбана култура според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 121 | 20,30% | 63 | 10,60% | 103 | 17,30% | 37 | 6,20% | **324** | **54,40%** |
| **НЕ** | 98 | 16,50% | 98 | 16,50% | 50 | 8,40% | 25 | 4,20% | **271** | **45,60%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




На прашањето за организирање на активности од урбаната култура поголем број на ученици 54,40% одговориле дека во рамки на проектните активности во нивните училишта се оранизираат активности од областа на урбаната култура. Најмногу активности се организирани за ученици од прва година на школување истакнаа 20,30% од анкетираните ученици, а најмалку се организираните активности за учениците од четврта година на школување 6,20% од учениците.

Табела 8. **Активности од областа на урбана култура – во однос на полот на ученикот**




| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според полот** | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Машки*** | ***машки %*** | ***женски*** | ***женски %*** | | ***%*** |
| **ДА** | 15 | 2,50% | 22 | 3,70% | **37** | **6,20%** |
| **НЕ** | 317 | 53,30% | 241 | 40,50% | **558** | **93,80%** |
| **Вкупно** | **332** | **55,80%** | **263** | **44,20%** | **595** | **100,00%** |

На прашањето дали учениците се вклучени во активности од областа на урбаната култура само 6,2% од учениците одговориле потврдно. Што се однесува до полот на вклучените ученици, поголема вклученост е на ученици од женски пол.

Табела 9 **Вклучен/а во активности од областа урбана култура – во однос на годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 13 | 2,20% | 5 | 0,80% | 13 | 2,20% | 6 | 1% | **37** | **6,20%** |
| **НЕ** | **206** | **34,60%** | **156** | **26,20%** | **140** | **23,50%** | **56** | **9,50%** | **558** | **93,80%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,00%** | **153** | **25,70%** | **62** | **11%** | **595** | **100,00%** |




Набљудувајќи ја вклученоста на учениците во проектните активности од урбана култура во однос на годината на школување, можеме да забележиме дека подеднаков е број на ученици кои се вклучени во проектните активности од прва и трета година на школување - 2,2% од испитаниците, додека бројот на вклучени ученици во ова проектна област, во двете останати образовни години, е уште помал.

## 6. Организирање на активности од областа на природни науки

На прашањето дали во училиштето се организираат активности од областа на природните науки незначително помал дел на ученици одговориле дека се организираат, 48,8% од анкетираните ученици. Активностите од областа на природните науки најчесто се организираат за учениците од прва година на школување истакнаа 18%, а најмалку за четврта година 6,70% од анкетираните ученици.

Табела 10 **Организираност на активности од областа на природни науки – според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 107 | 18,00% | 71 | 12,00% | 72 | 12,10% | 40 | 6,70% | **376** | **48,80%** |
| **НЕ** | 112 | 18,80% | 90 | 15,10% | 81 | 13,60% | 22 | 3,70% | **219** | **51,20%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100,00%** |




Набљудувајќи ја вклученоста на учениците во активностите од областа на природните науки се забележува мала вклученост од 18,10%. Во однос на годината на школување, најголема вклученост во активностите од областа на природните науки има кај учениците во трета година од школувањето - 8,60%, а најмалку во четврта година 1,5%.

Табела 11. **Вклучен/а во активности од областа на природни науки – според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 15 | 4,60% | 21 | 3,40% | 27 | 8,60% | 20 | 1,50% | **83** | **18,10%** |
| **НЕ** | 204 | 32,20% | 140 | 23,70% | 126 | 17,10% | 42 | 8,90% | **512** | **81,90%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |



## 7. Организирање на активности од областа на граѓанска култура

Многу важни активности за учениците во текот на школувањето се активностите од областа на грѓанската култура.
На прашањето дали во училиштето се организираат активности од областа на граѓанската култура поглем дел од учениците одговориле позитивно, 40,90%. Во однос на годината на школување на учениците најголема организација на активности има за учениците од прва година 18,10% а најмалку од четврта година 3,40%.

Табела 12. **Организирање на активности од областа на граѓанска култура – според годината на школување на ученикот**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **ДА** | 108 | 18,10% | 58 | 9,70% | 58 | 9,70% | 20 | 3,40% | **376** | **40,90%** |
| **НЕ** | 111 | 18,70% | 103 | 17,40% | 95 | 16,00% | 42 | 7,00% | **219** | **59,10%** |
| Вкупно | 219 | 36,80% | 161 | 27,10% | 153 | 25,70% | 62 | 10,40% | 595 | 100,00% |




Набљудувајќи ја вклученоста на учениците во активностите од граѓанската култура само мал број на ученици изјавиле дека се вклучени во овој вид на активности 11,2%. Најголема вклученост има на ученици од прва година од школувањето 4,5%, додека вклученоста на учениците во проектните активност од граѓанската култура е уште помало.

Табела 13. **Вклучен/а во активности од областа на граѓанска култура според годината на школување**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **ДА** | 27 | 4,50% | 8 | 1,40% | 23 | 3,90% | 8 | 1,40% | **83** | **11,20%** |
| **НЕ** | 192 | 32,30% | 153 | 25,70% | 130 | 21,80% | 54 | 9,00% | **512** | **88,80%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




## 8. Оганизирање на активности од областа на спортот

На прашањето за организирање на активности од областа на спортот испитаниците во најголем број одговорија дека се организираат 79,40%. Најмалку спортски активности се организираат за учениците од четврта година на школување само 6,70%, а најмногу за учениците од прва година 28,10%.

Табела 14 **Организирање на активности од областа на Спортот – вкупен приказ според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 167 | 28,10% | 135 | 22,70% | 131 | 22,00% | 40 | 6,70% | **473** | **79,50%** |
| **НЕ** | 52 | 8,70% | 26 | 4,40% | 22 | 3,70% | 22 | 3,70% | **122** | **20,50%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100,00%** |

На прашањето дали се вклучени во спортските активности, само мал дел од учениците 27% изјавија дека се вклучени во спортски активности кои се организираат во училиштата. Помала е вклученоста на ученички 10,40% во однос на 16,6% ученици од машки пол.



Табела 15 **Вклучен/а во активности од областа на спортот – според годината на школување**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 42 | 7,10% | 45 | 7,60% | 51 | 8,60% | 23 | 3,90% | **161** | **27,20%** |
| **НЕ** | 177 | 29,70% | 116 | 19,50% | 102 | 17,10% | 39 | 6,50% | **434** | **72,80%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Во однос на годината на школување најголема вклученост во активности од областа на спортот е на ученици од трета година 8,60%, а најмалку се вклучени ученици од четврта година на школување, 3,90%.

## 9. Организираност на активности од областа на музиката (хор, оркестар)

Организирањето на активности во областа на музиката (хор, оркестар) за најголем дел на млади луѓе претставува предизвик и најдобар начин за користење на слободното време. Поголем дел на ученици изјавиле дека во нивните училишта се организираат активности од областа на музиката и тоа 50,90% од испитаниците.

Табела 16 **Организираат активности од областа на музиката (хор, оркестар) – според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 125 | 21,00% | 85 | 14,30% | 81 | 13,60% | 12 | 2,00% | **473** | **50,90%** |
| **НЕ** | 94 | 15,80% | 76 | 12,80% | 72 | 12,10% | 50 | 8,40% | **122** | **49,10%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100,00%** |




На прашањето дали се вклучени во активности во областа на музиката само мал број на ученици одговориле дека се вклучени 5,8%, а останатите не. Во однос на годините на школување најголема вклученост има кај учениците од прва година на школување 3,5% а најмала 0,3% од четвртата година.

Табела 17 **Вклучен/а во активности од областа на музиката (хор, оркестар) – според годината на школување на ученикот**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **ДА** | 21 | 3,50% | 3 | 0,50% | 8 | 1,30% | 2 | 0,30% | **34** | **5,60%** |
| **НЕ** | 198 | 33,30% | 158 | 26,60% | 145 | 24,40% | 60 | 10,10% | **561** | **94,40%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




## 10. Организирање на активности од областа на Ликовно-творечки активности

На прашањето дали се вклучени во активности од областа на Ликовно-творечките активности само мал број на ученици одговориле позитивно и тоа 6,90% од учениците. Најголема вклученост во организираните активности од областа на ликовно творечка активност од страна на учениците е од првата година на школување 3,4% а најмала од четврта година на школување.

Табела **18 Вклучен/а во активности од областа на ликовно-творечки активности– според годината на школување на ученикот**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 20 | 3,40% | 11 | 1,90% | 8 | 1,30% | 2 | 0,30% | **41** | **6,90%** |
| **НЕ** | 199 | 33,40% | 150 | 25,20% | 145 | 24,40% | 60 | 10,10% | **554** | **93,10%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




## 11. Организирање на активности од областа на литературни и драмски клубови

На прашањето за организираност на активности од областа на литературни и драмски клубови се забележува присутност на овие активности. Од анкетираните ученици 37,30% одговориле дека во нивното училиште се организираат вакви видови на активности. Најголема присутност на организирните активности е од ученици од прва година од школувањето 14,70%, а најмала во четврта година 1,70% на испитаници.

Табела 19. **Организираат активности од областа на литературни и драмски клубови – според годината на школување на ученици**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 87 | 14,70% | 68 | 11,50% | 57 | 9,60% | 10 | 1,70% | **222** | **37,50%** |
| **НЕ** | 132 | 22,10% | 93 | 15,60% | 96 | 16,10% | 52 | 8,70% | **373** | **62,50%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100,00%** |




На прашањето за вклученоста на учениците во активностите од областа на литературни и драмски клубови само мал дел од учениците се вклучени и тоа 5,70%. Нема разлики во вклученоста во зависност од годината на школувањето на ученикот.

Табела 20. **Активности од областа на литературни и драмски клубови – според годината на школување на ученикот**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | **%** |
| **ДА** | 10 | 1,70% | 9 | 1,50% | 9 | 1,50% | 6 | 1,00% | **34** | **5,70%** |
| **НЕ** | 209 | 35,10% | 152 | 25,60% | 144 | 24,20% | 56 | 9,40% | **561** | **94,30%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




## 12. Организирање на активности од областа на спортски денови

На прашањето дали во училиштето се организираат спортски денови, поголем број на ученици одговориле позитивно и тоа 60,70%. Најголем број на ученици се од втора година на школувањето и тоа 21,20% од учениците, а најмал број од четврта година на школувањето.

Табела 21 **Организирање на активности од областа на спортски денови– според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 87 | 14,60% | 126 | 21,20% | 116 | 19,50% | 32 | 5,40% | **361** | **60,70%** |
| **НЕ** | 132 | 22,20% | 35 | 5,90% | 37 | 6,20% | 30 | 5,00% | **234** | **39,30%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Табела 22**. Вклучен/а во активности од областа на литературни и драмски клубови- според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 9<br>1 | 1,70% | 5<br>4 | 1,50% | 3<br>6 | 1,50% | 5<br>5 | 1,70% | **38** | **6,40%%** |
| **НЕ** | 132<br>77 | 35,10% | 74<br>78 | 25,60% | 73<br>71 | 24,20% | 31<br>21 | 8,70% | **557** | **93,60%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |



На прашањето за вклученост на учениците во активности од областа на литература и драмски клубови, само 6,40% од учениците одговориле дека се вклучени. Нема големи разлики на вклученост на учениците во активностите од областа на литература и драмските клубови во зависност од годината на школување на учениците.

Табела 23 **Вклучен/а во активности од областа на спортски денови – според годината на школување на учениците**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **ДА** | 17<br>7 | 4,00% | 19<br>16 | 5,90% | 21<br>11 | 5,40% | 3<br>4 | 1,20% | **98** | **16,50%** |
| **НЕ** | 124<br>71 | 32,80% | 60<br>66 | 21,20% | 55<br>66 | 20,30% | 33<br>22 | 9,20% | **497** | **83,50%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Вклученоста на учениците во активности од областа на спортски денови е мала и изнесува 16,50% од анкетираните ученици. Најголема вклученост на учениците во спортските активности е од страна на учениците од трета година на школување, а најмалку од четврта година на школување 1,20% од анкетираните ученици.

Табела 24 **Вклучен/а во активности од областа на екологија – според годината на школување на ученикот**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **ДА** | 2<br>0 | 0,30% | 0<br>0 | 0,00% | 11<br>19 | 5,00% | 5<br>3 | 1,30% | **40** | **6,60%%** |
| **НЕ** | 139<br>78 | 36,50% | 79<br>82 | 27,10% | 65<br>58 | 20,70% | 31<br>23 | 9,10% | **555** | **93,40%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Вклученоста на учениците во активности од областа на екологија е мала. Само 6,60% од анкетираните ученици се вклучени во проектните активности. Најголема е вклученоста на ученици од трета година на школување, а од втората година нема вклучено на ученици во проектните активност од областа на екологијата.

Табела 25 **Вклучен/а во активности од областа на стручните програми (пракса) – според годината на школување на ученикот**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **ДА** | 14<br>6 | 3,40% | 58<br>20 | 13,10% | 56<br>41 | 16,30% | 11<br>18 | 4,90% | **224** | **37,70%** |
| **НЕ** | 127<br>72 | 33,40% | 21<br>62 | 14,00% | 20<br>36 | 9,40% | 25<br>8 | 5,50% | **371** | **62,30%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |



Вклученоста на учениците во активностите од областа на стручните програми е 37,70%. Најголема вклученост на учениците во практичната настава е од страна на учениците од трета година на школувањето 16,30% од учениците, а најмалку ученици вклучени во праксата се ученици од прва година на школување само 3,40% од учениците.

Табела 26 **Како го поминувам слободното време? – Во моето маало (според годината на школување на учениците)**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | **%** |
| **Воопшто не е вистинито** | 5<br>3 | 1,30% | 0<br>0 | 0,00% | 2<br>2 | 0,70% | 0<br>7 | 1,20% | **19** | **3,20%** |
| **Делумно не е вистинито** | 9<br>4 | 2,20% | 6<br>40 | 7,70% | 2<br>2 | 0,70% | 3<br>4 | 1,20% | **70** | **11,80%** |
| **Делумно е вистинито** | 28<br>5 | 5,50% | 10<br>4 | 2,40% | 10<br>4 | 2,40% | 7<br>8 | 2,50% | **76** | **12,80%** |
| **Вистинито** | 31<br>8 | 6,60% | 27<br>14 | 6,90% | 33<br>18 | 8,60% | 9<br>2 | 1,80% | **142** | **23,90%** |
| **Многу вистинито** | 68<br>58 | 21,20% | 36<br>24 | 10,10% | 29<br>51 | 13,30% | 17<br>5 | 3,70% | **288** | **48,30%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Поминување на слободното време во нивното мало дека е ,,многу вистинито" за нив се изјасниле 48,30 %од анкетираните ученици. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат во *нивното маало* се ученици од прва година на школување 21,20%

Табела 26.1 **Како го поминувам слободното време? – Со другарите - вкупен (според годината на школување на учениците)**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **Воопшто не е вистинито** | 0<br>1 | 0,20% | 0<br>0 | 0,00% | 1<br>0 | 0,20% | 2<br>1 | 0,50% | **5** | **0,90%** |
| **Делумно не е вистинито** | 9<br>5 | 2,40% | 1<br>2 | 0,50% | 1<br>0 | 0,20% | 2<br>0 | 0,30% | **20** | **3,40%** |
| **Делумно е вистинито** | 31<br>8 | 6,50% | 17<br>48 | 10,90% | 10<br>6 | 2,70% | 7<br>10 | 2,90% | **137** | **23,00%** |
| **Вистинито** | 55<br>41 | 16,10% | 31<br>26 | 9,60% | 25<br>36 | 10,20% | 13<br>12 | 4,20% | **239** | **40,10%** |
| **Многу вистинито** | 46<br>23 | 11,60% | 30<br>6 | 6,10% | 39<br>35 | 12,40% | 12<br>3 | 2,50% | **194** | **32,60%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Поминувањето на слободното време со другари е исто така многу изразено.
За поминување на слободното време со другари дека е „многу вистинито“ се изјасниле 26,90% од анкетираните ученици. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат со другари се ученици од трета година на школување 12,40% кои истакнале дека тоа е многу вистинито.

За слободно време кое анкетираните ученици се изјасниле дека го поминуваат со браќа и сестри дека е „многу вистинито“ се изјасниле 26,90 % од анкетираните ученици. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат со браќа и сестри се ученици од прва година на школување 10,10% кои истакнале дека е „многу вистинито“.

Табела 26.2. **Како го поминувам слободното време? – Со мојот/моите брат (браќа) и/или сестра (сестри) – според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **Воопшто не е вистинито** | 9<br>2 | 1,80% | 6<br>2 | 1,30% | 12<br>2 | 2,40% | 8<br>2 | 1,70% | **43** | **7,20%** |
| **Делумно не е вистинито** | 10<br>7 | 2,90% | 13<br>2 | 2,50% | 5<br>4 | 1,50% | 2<br>4 | 1,00% | **47** | **7,90%** |
| **Делумно е вистинито** | 37<br>23 | 10,10% | 21<br>18 | 6,60% | 20<br>11 | 5,20% | 12<br>7 | 3,20% | **149** | **25,10 %** |
| **Вистинито** | 51<br>20 | 11,90% | 11<br>46 | 9,60% | 22<br>25 | 7,90% | 9<br>12 | 3,50% | **196** | **32,90 %** |
| **Многу вистинито** | 34<br>26 | 10,10% | 28<br>14 | 7,10% | 17<br>35 | 8,70% | 5<br>1 | 1,00% | **160** | **26,90 %** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |



За поминување  на слободното време во читање дека е „многу вистинито“се изјасниле 11,6% од анкетираните ученици. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат  во читање се  ученици од прва година на школување 10,10%.

Табела 26.3 **Како го поминувам слободното време? – Во читање (вкупен приказ според годината на школување  на ученикот)**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **Воопшто не е вистинито** | 11<br>3 | 2,30% | 14<br>0 | 2,40% | 19<br>4 | 3,90% | 3<br>3 | 1,00% | **57** | **9,60%** |
| **Делумно не е вистинито** | 11<br>15 | 4,40% | 26<br>14 | 6,70% | 13<br>20 | 5,50% | 12<br>12 | 4,00% | **123** | **20,60 %** |
| **Делумно е вистинито** | 75<br>31 | 17,80% | 27<br>56 | 13,90% | 32<br>16 | 8,10% | 9<br>7 | 2,70% | **253** | **42,50 %** |
| **Вистинито** | 23<br>21 | 7,40% | 9<br>8 | 2,90% | 10<br>12 | 3,70% | 10<br>3 | 2,20% | **96** | **16,20 %** |
| **Многу вистинито** | 21<br>8 | 4,90% | 3<br>4 | 1,20% | 2<br>25 | 4,50% | 2<br>1 | 0,50% | **66** | **11,1%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |

48,9% од анкетираните ученици истакнале дека е „,многу вистинито“ дека слободното  време го користат на компјутери. Најголем број  на учениците  кои слободното време го поминуваат  во работа на компјутер и користење на интернет  се  ученици од прва година на школување 21,5%.



Табела 26.4 **Како го поминувам слободното време? – Во работа на компјутер и користење на интернет (според годината на школување на учениците)**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **Воопшто не е вистинито** | 55 | 1,70% | 32 | 0,80% | 20 | 0,30% | 46 | 1,70% | **27** | **4,50%** |
| **Делумно не е вистинито** | 91 | 1,70% | 40 | 0,70% | 26 | 1,30% | 64 | 1,70% | **32** | **5,40%** |
| **Делумно е вистинито** | 169 | 4,20% | 92 | 1,90% | 108 | 3,00% | 46 | 1,70% | **64** | **10,80%** |
| **Вистинито** | 2521 | 7,70% | 2352 | 12,60% | 3312 | 7,60% | 96 | 2,50% | **181** | **30,40%** |
| **Многу вистинито** | 8642 | 21,50% | 4026 | 11,10% | 2951 | 13,50% | 134 | 2,80% | **291** | **48,90%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Голем број на испитаници истакнаа дека е „многу вистинито“ дека слободното време го поминуваат во спортување и тоа 26,3%. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат во спортувањето се ученици од прва година на школување 13,8%.

Табела 26.5 **Како го поминувам слободното време? – во спортување – според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **Воопшто не е вистинито** | 5<br>1 | 1,00% | 15<br>6 | 3,50% | 7<br>14 | 3,50% | 9<br>7 | 2,60% | **64** | **10,60%** |
| **Делумно не е вистинито** | 8<br>5 | 2,20% | 8<br>6 | 2,40% | 5<br>10 | 2,50% | 4<br>10 | 2,40% | **56** | **9,50%** |
| **Делумно е вистинито** | 31<br>8 | 6,50% | 26<br>55 | 13,60% | 11<br>16 | 4,50% | 7<br>7 | 2,40% | **161** | **27,00%** |
| **Вистинито** | 38<br>41 | 13,30% | 16<br>12 | 4,70% | 27<br>15 | 7,10% | 7<br>2 | 1,50% | **158** | **26,60%** |
| **Многу вистинито** | 59<br>23 | 13,80% | 14<br>3 | 2,90% | 26<br>22 | 8,10% | 9<br>0 | 1,50% | **156** | **26,30%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Голем дел да анкетираните ученици истакнаа дека е „,многу вистинито“ слободното време го поминуваат со родителите 30,10%. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат со нивните родители се ученици од прва година на школување 16,3%.

Табела 26.6 **Како го поминувам слободното време? – со моите родители – според годината на школување на учениците**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **Воопшто не е вистинито** | 4<br>4 | 1,40% | 15<br>2 | 2,90% | 9<br>3 | 2,00% | 12<br>2 | 2,40% | **51** | **8,70%** |
| **Делумно не е вистинито** | 8<br>3 | 1,80% | 10<br>2 | 2,00% | 6<br>8 | 2,40% | 4<br>4 | 1,30% | **45** | **7,50%** |
| **Делумно е вистинито** | 40<br>20 | 10,10% | 13<br>14 | 4,50% | 22<br>15 | 6,20% | 11<br>7 | 3,00% | **142** | **23,80%** |
| **Вистинито** | 25<br>18 | 7,20% | 23<br>56 | 13,30% | 24<br>15 | 6,50% | 7<br>10 | 2,90% | **178** | **29,90%** |
| **Многу вистинито** | 64<br>33 | 16,30% | 18<br>8 | 4,40% | 15<br>36 | 8,60% | 2<br>3 | 0,80% | **179** | **30,10%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Поминувањето на слободното време со учениците од свој клас дека е „многу вистинито“ истакнаа 20,7 % од учениците. Најголем број на учениците кои слободното време го поминуваат со ученици од нивниот клас се ученици од прва година на школување 16,3%

Табела 26.7. **Како го поминувам слободното време? – Со учениците од моето одделение/клас (според годината на школување учениците)**

| **Понудени одговори** | **Број на испитаници според годината на школување** | | | | | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***I*** | ***I %*** | ***II*** | ***II%*** | ***III*** | ***III %*** | ***IV*** | ***IV%*** | | ***%*** |
| **Воопшто не е вистинито** | 11<br>4 | 2,50% | 2<br>2 | 0,70% | 9<br>8 | 2,80% | 10<br>7 | 2,90% | **53** | **8,90%** |
| **Делумно не е вистинито** | 15<br>3 | 3,00% | 11<br>2 | 2,20% | 12<br>2 | 2,40% | 4<br>5 | 1,50% | **54** | **9,10%** |
| **Делумно е вистинито** | 43<br>25 | 11,50% | 26<br>54 | 13,40<br>% | 17<br>15 | 5,40% | 6<br>5 | 1,80% | **191** | **32,10%** |
| **Вистинито** | 31<br>24 | 9,20% | 28<br>16 | 7,40% | 34<br>22 | 9,40% | 12<br>7 | 3,20% | **174** | **29,20%** |
| **Многу вистинито** | 41<br>22 | 10,60% | 12<br>8 | 3,40% | 4<br>30 | 5,70% | 4<br>2 | 1,00% | **123** | **20,7%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10<br>%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




На прашањето дали слободното време го поминуваат во посета на курсеви, секции или други активности одговориле дека е „многу вистинито“ 9,6% од анкетираните ученици, додека ако земеме заедно со „многу вистинито“ и „вистинито“ 17,8% се изјасниле дека слободното време го поминуваат во посета на курсеви. Најголема е вклученоста на учениците од трета година на школување 4,2%

Табела 26.8 **Како го поминувам слободното време? – Во посета на курс, секции или некои други вонучилишни активности (според годината на школување на учениците)**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **Воопшто не е вистинито** | 42<br>26 | 11,30% | 38<br>16 | 9,10% | 38<br>23 | 10,30% | 19<br>15 | 5,70% | **217** | **36,40%** |
| **Делумно не е вистинито** | 22<br>22 | 7,40% | 21<br>17 | 6,40% | 11<br>7 | 3,00% | 4<br>4 | 1,40% | **108** | **18,20%** |
| **Делумно е вистинито** | 54<br>7 | 10,30% | 15<br>46 | 10,30% | 19<br>14 | 5,50% | 6<br>3 | 1,50% | **164** | **27,60%** |
| **Вистинито** | 11<br>12 | 3,90% | 2<br>3 | 0,80% | 6<br>10 | 2,70% | 3<br>2 | 0,80% | **49** | **8,20%** |
| **Многу вистинито** | 12<br>11 | 3,90% | 3<br>0 | 0,50% | 2<br>23 | 4,20% | 4<br>2 | 1,00% | **57** | **9,60%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |



Табела 26.9 **Како го поминувам слободното време? – Друго (според годината на школување на ученици)**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **Воопшто не е вистинито** | 130 77 | 34,70% | 78 82 | 26,90% | 72 57 | 21,70% | 32 21 | 8,90% | **549** | **92,20%** |
| **Делумно не е вистинито** | 4 0 | 0,70% | 0 0 | 0,00% | 0 3 | 0,50% | 4 2 | 1,00% | **13** | **2,20%** |
| **Делумно е вистинито** | 0 1 | 0,20% | 0 0 | 0,00% | 1 0 | 0,20% | 0 0 | 0,00% | **2** | **0,40%** |
| **Вистинито** | 4 0 | 0,70% | 0 0 | 0,00% | 0 2 | 0,30% | 0 0 | 0,00% | **6** | **1,00%** |
| **Многу вистинито** | 3 0 | 0,50% | 1 0 | 0,20% | 3 15 | 3,00% | 0 3 | 0,50% | **25** | **4,20%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




За поминувањето на слободното време со вклученост во другите активности одговориле со „многу вистинито“ 4,2% од анкетираните ученици. Најголема е вклученоста на учениците од трета година на школување 3%.

Табела 27 **Вклучен/а во невладина организација – според годината на школување на ученици**

| Понудени одговори | Број на испитаници според годината на школување | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *I* | *I %* | *II* | *II%* | *III* | *III %* | *IV* | *IV%* | | *%* |
| **ДА** | 9<br>6 | 2,50% | 18<br>0 | 3,00% | 5<br>3 | 1,30% | 3<br>4 | 1,20% | **48** | **8,00%** |
| **НЕ** | 132<br>72 | 34,30% | 61<br>82 | 24,10% | 71<br>74 | 24,40% | 33<br>22 | 9,20% | **547** | **92,00%** |
| **Вкупно** | **219** | **36,80%** | **161** | **27,10%** | **153** | **25,70%** | **62** | **10,40%** | **595** | **100%** |




Имајќи во предвид дека во Република Македонија е овозможено спроведување на активности од страна на НВО, беше поставено прашање колку од учениците се вклучени во активностите кои ги спроведуваат НВО, само 8% од учениците одговорија дека се вклучени во активности на НВО. Најголема вклученост се забележува кај учениците од трета година на школување 3%.

**Заклучоци**

- Поголем број на училишта организираат воннаставни активности, истакнаа 66,7% од анкетираните ученици.
- Во поголем дел од училиштата се организирани активности, од областа на култура за заштита, мир и толеранцијата. Мал број на ученици 22,3 % се вклучени во овие активности.
- Најголем број на ученици изјавиле дека во нивните училишта се организираат слободни активности од областа на урбаната култура но, вклученоста на ученици е многу мала 6,2 % од анкетираната група на ученици.
- Во училиштата се организираат активности од областа на граѓанската култура и најголем број на училишта имаат организирано активности од областа на културата за здраво живеење, а бројот на ученици вклучени во овие активности е 11,2% од анкетираните ученици.
- Организирање на активности од областа на природните науки е доста висока, односно 48.8 % од анкетираните ученици одговориле дека во нивните училишта има активности од оваа област, но нивната вклученост е незабележителна 18,10% од анкетираните ученици.
- Во однос на спортските активности голем број на испитаници изјавиле дека во нивните училишта во текот на слободни активности се организираат спортски активности 79,50% во кои најголем број на испитаниците се и вклучени 27,20%.
- Во училиштата се организираат активности од областа на музика 50,90%, но вклученоста на испитуваната група на ученици е мала, само 5,6% на учениците.
- Иако во училиштата се организираат ликовно творечки и литературни клубови, вклученоста на учениците е доста мала 6,9% од испитуваната група на ученици.
- Најголем број на училиштата имаат организирани спортски активности и оваа група има најголема вклученост 6,4 %, но и ова е мала бројка на учениците.
- Само мал дел на училиштата организираат слободни активности од областа на екологијата и е незначителна вклученост на учениците 6,6% .
- Најголем број на училиштата организираат практична настава 73% од училиштата, но вклученоста на учениците е многу мала 37,70% од анкетираните ученици иако постои законска обврска за спроведување на практична настава.
- Во однос на слободното време учениците го поминуваат во нивното маало, на компјутер користејќи интернет, дел во спортувањето со учениците од класот. Малку од нив посетуваат курсеви и други вонучилишни активности.
- **Поголем број на ученици не се вклучени во воннаставните активности.**

**Препораки**

- Потребно е вклучување на ученици во воннаставните активности со изнаоѓање на форми на организација во училиштето, а уште повеќе во местото на нивното живеење/маалото.
- Обраќање на поголемо внимание на секој ученик одделно т.е. на неговите потреби, залагања, желби и интереси кон одредена област на интерес и потоа нивно развивање преку најразлични воннаставни активности.
- Да се работи на зголемување на мотивацијата на ученици за нивното вклучување во воннаставни активности.
- Воннаставните активности треба да се во согласност со индивидуалните потреби на учениците, нивната возраст и понатамошното нивно едуцирање т.е. можното запишување во институција од академски карактер (факултет).
- Поголема ангажираност на училиштето, локалната заедница и НВО во планирањето и организирањето на практичната настава на учениците и користењето на нивното слободното време.